Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2019 година**

Скопје, ноември 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2019 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за

европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, , членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Оливера Нечовска, државен советник во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Хусни Исмаили, министер за култура и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 162-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.11.2019 година

- Усвојување на Записникот од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.11.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Информација за реализација на Советодавната мисија на УНЕСКО

### А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Информација со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој, Правилник за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, со предлог-одлуки

2. Информација со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење, Правилник за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица за ревизија и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица за ревизија, со предлог-одлуки

3. Предлог-одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Водици во Битуше" за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

4. Ценовник за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за 2019 година

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје
7. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје

8. Информација за одредување на годишен буџет на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје

9. Информација за сервисирање на дел од долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники завод и ургентен центар Скопје спрема ЈП „Водовод и канализација“

10. Информација за давање заем на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје кој ќе се трансформира во влог во друштво во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото, со усогласен текст на Договор за заем

11. Информација за Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

12. Анализа на можноста за утврдување на надоместокот за отворање на фирма од страна на регистрационите агенти (адвокати и сметководители) во соодветен акт, по можност подзаконски акт (Правилник) или Тарифник на Централниот регистар на Република Северна Македонија

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка

15. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова-КфВ по Договорот за заем за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија, по скратена постапка

16. Предлог-закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување

17. Предлог-закон за изменување на Законот за лизинг

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници

19. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија

21. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва

22. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА)

23. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за банките

24. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет

25. Предлог-закон за изменување на Законот за кредитно биро

26. Предлог-закон за изменување на Законот за сметководството за непрофитните организации

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот

31. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата

34. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми

35. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување

36. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

37. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки

38. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за

39. Предлог-закон за изменување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали

40. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година

43. Предлог-годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2019 година

44. Предлог-програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2019 година

45. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/19 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

46. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Елизабета Атанасова ул. Димитар Гунов бр.26 Јосифово, со Предлог-одлука

47. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Оптичари, Општина Битола, со Предлог-одлука

48. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

49. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Логоварди, Општина Битола, со Предлог-одлука

50. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Соколарци, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов СН10(20) kV воздушен/ кабелски приклучок и нова КБТС 10(20)/0,4 kV Брушани 5 КО Брушани и КО Ресава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 1 и електричен вод за приклучок КО Страгово, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од Маало Капетанци-Балинци до Маало Витлари, Општина Виница, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект-колектори за одведување фекални отпадни води од градот Тетово, н.м. Голема Речица, Мала Речица, Фалише, Порој и Џепчиште до пречистителна станица с. Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука

55. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Голем Врв“ Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

56. Информација за пристапување на Република Северна Македонија на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, со текст на Амандман, Предлог-закон за ратификација на Амандман кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка и Предлог-одлука

57. Информација во врска со барањето согласност за пренос на удели во „Индиго Хидро Македонија" ДОО Скопје, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Предлог-одлука

58. Информација со Предлог-одлука за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за финансии)

59. Информација за рангот на Република Северна Македонија според извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка

60. Информација за 164-та седница на Одборот на директори на претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД, закажана за 27.11.2019 година

61. Информација за постапување по однос на заклучок по точка 32 од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.11.2019 година за Предлог-договорот за доделување на државна помош на „Кромберг & Шуберт Македонија" ДООЕЛ Битола, со текст на Договор

62. Информација со текст на Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, по скратена постапка

**в) политички систем**

63. Предлог-закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја

64. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

65. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Федерацијата на Свети Кристофер и Невис за заемно укинување на визи за носители на биометриски пасоши, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

66. Информација за потпишување на Конвенцијата за спогодбите за избор на суд (Хаг, 30 јуни 2005 година), со текст на Конвенција

67. Информација за потребата од потпишување на усогласениот текст на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (CETS бр.223), усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа на 18 мај 2018 година, а

отворен за потпишување на 10 октомври 2018 година за државите договорни страни на Конвенцијата за заштита на лицата во врска со автоматската обработка на личните податоци (ETS бр.108), со текст на Протоколот

68. Информација за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија, со Предлог-уредба

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

69. Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв

70. Предлог-закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување

71. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести

72. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите

73. Предлог-закон за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина

74. Информација за подготовка на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП Проект), со Предлог-одлука

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

75. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

76. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институт за духовно и културно наследство на Албанците

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

77. Предлог-закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

78. Предлог-закон за престанување на важење на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

79. Предлог-закон за младинско учество и младински политики, поднесен од група пратеници

80. Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, со Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година

81. Предлог-финансиски план за 2020 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог-одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година

82. Барање за давање на автентично толкување на член 101 став (7), а во врска со член 190 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), поднесено од пратеникот Реџаил Исмаили

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

83. Информација доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со забраната за прием на невакцинирани деца во училиштата

84. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111601 за КО Центар 1 на КП бр. 10916/1 и КП бр. 10916/3 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И. Р. Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2 и Ургенцијата од Нотар Зафир Хаџи-Зафиров

85. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 9624 за КО Сарај на КП бр. 12046 викано место/улица Сарај и Имотен лист бр. 108 за КО Сарај на КП бр. 12046 дел 0 викано место/улица Сарај

86. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96617 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1, КП бр. 8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр. 8282 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1 викано место/улица 171

87. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 57 за КО Усје на КП бр. 712 викано место Село

88. Известување од извршител Благојче Кипровски од Скопје во врска со Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

89. Известување од извршител Снежана Андреевска под И. бр.1165/15 за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од Законот за извршување) за КО Сингелиќ 2

**д) други предлози**

90. Кадровски прашања

91. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

92. Извештај за текот на стечајната постапка врз ТИПО АД во стечај Скопје

93. Информација за потпишан Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика

94. Информација за изработка на премер на катастарските парцели во старото градско јадро на градот Охрид и неговата контактна зона, со цел усогласување на подлогите со реалната ситуација на терен и отворање на можност за изработка на детални урбанистички планови за 19-те споменички целини со краен рок за постапување до 30.9.2019 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

95. Предлог-закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

96. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи

97. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје", по скратена постапка

98. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје", по скратена постапка

99. Предлог-закон за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина

100. Предлог-закон за изменување на Законот за меница

101. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка

102. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистар

103. Предлог-закон за изменување на Законот за чек

104. Предлог-закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити

105. Предлог-закон за изменување на Законот за финансиските друштва

106. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжница

107. Предлог-закон за изменување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари

108. Информација за начинот на финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје

109. Предлог-одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста

110. Предлог-одлука за утврдување на листата на стоки во одбраната и безбедноста за кои се применува Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста

111. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Доизградба на канализациона мрежа во населено место Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров

112. Информација во врска со одржување на XXI-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД-Скопје, закажана за 2.12.2019 година, со почеток во 10:00 часот

113. Информација за предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Нацрт-текстот на договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за меѓународен развој на САД и Владата на Република Северна Македонија за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија, со текст на Договор

114. Информација за зголемување на износот на заемот за Проектот за модернизација на земјоделството кој ќе се финансира од Светска банка согласно Рамковната соработка помеѓу Република Северна Македонија и групацијата на Светска банка за периодот 2019-2023 година, со текст на анекси

115. Предлог-одлука за одработување на работен ден и Предлог-решението за определување на членови на Штаб за спроведување на акција за чистење на животна средина

116. Информација за формирање на тимови во министерствата за изработка на унифицирани веб страни

117. Информација за потпишување на Хашката Конвенција од 23 ноември 2007 година за меѓународно остварување на правата за издржување на детето и други облици на издржување на семејството и Хашкиот Протокол

од 23 ноември 2007 година за меродавното право кое ќе се применува на обврските за издршка, со Конвенција и Протокол

**118.** Информација за давање овластување на директорите на седум јавни научни установи за потпишување на колективни договори на ниво на јавни научни установи за покачување на платите на вработените во јавните научни установи во Република Северна Македонија за 25% и исплата на минат труд почнувајќи со исплата на платата од октомври 2019 година

**119.** Информација со текст на предлог-закони за дополнување на законите во врска со примената на новиот Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија

**120.** Информација во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива (нафта и нафтени деривати)

**121.** Предлог-закон за данок на моторни возила, по скратена постапка

**122.** Информација за потребата од продолжување со постапката за конкурентен дијалог и за потребата од објавување на покана за учество во втора фаза на дијалог за јавна набавка на работи-изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје

**123.** Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација

*
*    *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 162-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.11.2019 година и 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.11.2019 година

*
*    *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за реализација на Советодавната мисија на УНЕСКО**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Советодавната мисија на УНЕСКО и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора како претседател на Националната комисија за УНЕСКО и Јавното претпријатие за државни патишта, да ја координираат припремата и реализацијата на Советодавната мисија.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за Советодавната мисија, кои согласно Оперативниот водич за примена на Конвенцијата за светско наследство е товар на земјата домаќин.

*
*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој, Правилник за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење, Правилник за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица за ревизија и Тарифник за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица за ревизија, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на вклучување и работа на стручните лица за ревизија во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и давањето на стручно мислење, Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица за ревизија и Одлуката за давање согласност на Тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење на стручни лица за ревизија, во предложените текстови.

## Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на нематеријалното културно добро „Водици во Битуше” за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”- Скопје, со Предлог-одлука и по истиот ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за

пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

### Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за определување на висината на надоместоците во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст.

### Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје, во предложениот текст.

### Точка 8

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за одредување на годишен буџет на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се разгледа во присуство на директорите на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и потребата директорите на седницата на Владата да презентираат усогласен став по ова прашање.

### Точка 9

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за сервисирање на дел од долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники завод и ургентен центар Скопје спрема ЈП „Водовод и канализација" за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се разгледа во присуство на директорите на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и потребата директорите на седницата на Владата да презентираат усогласен став по ова прашање.

### Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање заем на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост-Скопје кој ќе се трансформира во влог во друштво во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото, со усогласен текст на Договор за заем и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на единствениот акционер на друштвото Владата на Република Северна Македонија да склучи Договор за заем.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство средствата во износ од 93.000.000,00 денари да ги префрли на сметка на

Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Анализата на можноста за утврдување на надоместокот за отворање на фирма од страна на регистрационите агенти (адвокати и сметководители) во соодветен акт, по можност подзаконски акт (Правилник) или Тарифник на Централниот регистар на Република Северна Македонија, ја усвои и му препорача на Централниот регистар на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за економија, Министерството за правда и Министерството за финансии во ноември 2019 година да одржи состанок со Адвокатската комора на Република Северна Македонија и со Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (ИСОС), со цел разгледување на можноста за утврдување на надоместокот за отворање на фирма од страна на регистрационите агенти (адвокати и сметководители), и за истото во рок од 30 дена да ја извести Владата.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка (најнов текст-26.11.2019 година), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:
1. Министерството за транспорт и врски да изврши номотехничко усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Елена Ангеловска-Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова-КфВ по Договорот за заем за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија, по скратена постапка за наредната седница на Владата.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за супервизија на осигурување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за лизинг, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државен советник

во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 21

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 22

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 23

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за банките, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 24

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за кредитно биро, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за сметководството за непрофитните организации, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик

на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 29**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петковска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петковска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петковска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петковска, државен секретар во Министерството

за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 36**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 37**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за планински патеки го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за водите и условно го утврди со заклучок Министерството за правда да достави мислење по истиот и да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали (26.11.2019 година), го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за економија Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 41**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.03/19 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Елизабета Атанасова ул. „Димитар Гунов“ бр.26 Јосифово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Оптичари, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Оптичари, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Логоварди, Општина Битола, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Логоварди, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Соколарци, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Соколарци, Општина Чешиново-Облешево, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов СН10(20) kV воздушен/ кабелски приклучок и нова КБТС 10(20)/0,4 kV Брушани 5 КО Брушани и КО Ресава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов СН10 (20) kV воздушен/кабелски приклучок и нова КБТС 10 (20)/0,4 kV Брушани 5 КО Брушани и КО Ресава, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 1 и електричен вод за приклучок КО

Страгово, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 1 и електричен вод за приклучок КО Страгово, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од Маало Капетанци-Балинци до Маало Витлари, Општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од Маало Капетанци-Балинци до Маало Витлари, Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект-колектори за одведување фекални отпадни води од градот Тетово, н.м. Голема Речица, Мала Речица, Фалише, Порој и Џепчиште до пречистителна станица с. Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект-колектори за одведување фекални отпадни води од градот Тетово, н.м. Голема Речица, Мала Речица, Фалише, Порој и Џепчиште до пречистителна станица с. Фалише, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Голем Врв" Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Голем врв" Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, со текст на Амандман, Предлог-закон за ратификација на Амандман кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.

2. Ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да подготви и да го достави во редовна Владина процедура на разгледување и утврдување текстот на Предлог-законот за ратификација на Амандман кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето согласност за пренос на удели во „Индиго Хидро Македонија“ ДОО Скопје, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на уделите од Друштвото за производство на електрична енергија Индиго Хидро Македонија ДОО Скопје на друштвата ПВ- „Инвест Словениан ГмбХ Клагенфурт“, Австрија, „Индиго Хидро“ ДОО Болцано, Италија и „КПВ Солар ГмбХ Клагенфурт“, Австрија, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за рангот на Република Северна Македонија според извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија во соработка со Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, да подготви анализа на причините за намалување на рангот кај индикаторот Започнување на бизнис, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација.

Анализата да ја достави до Министерство за финансии најдоцна до 10 декември 2019 година.

2. Се задолжува Управата за јавни приходи, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Плаќање даноци.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со анализа и предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Добивање градежни дозволи.

4. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Пристап до електрична енергија.

5. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со Предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Регистрирање на имот, посебно во делот на Индексот кој го мери квалитетот на земјишната администрација.

6. Се препорачува на Град Скопје во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија-ЗЕЛС, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со Предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Регистрирање на имот, посебно во делот постапките и времетраењето за утврдување и плаќање на данок на промет на недвижности.

7. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија, да подготви и до Министерството за финансии, до 10 декември 2019 година да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Пристап до кредити.

8. Се задолжува Министерството за економија, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторите Заштита на малцинските инвеститори и Решавање несолвентност.

9. Се задолжува Царинската управа на Република Северна Македонија, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Прекугранично тргување.

10. Се задолжува Министерството за правда, до 10 декември 2019 година да подготви и до Министерството за финансии да достави информација со предлог-мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Спроведување договори и Заштита на малцински инвеститори.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за 164-та седница на Одборот на директори на претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД, закажана за 27.11.2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев:

- по однос на подточката „а)“ од точката под реден број 2, да гласа „ЗА“ за измена на Статутот за негово прилагодување кон одредбите на Законот 4548/2018, (преобликување на Правото за Акционерски Друштва),

- по однос на подточката „б)“ од точката под реден број 2, да гласа „ПРОТИВ“ одобрување на издавање на кредит со обврзници.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да гласа „ЗА“ за одобрување на трансфер на парични средства со вкупен износ од 15.000 евра во банкарската сметка на подружницата на друштвото (VARDAX BRANCH OFFICE) во Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по однос на заклучок по точка 32 од 164-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.11.2019 година за Предлог-договорот за доделување на државна помош на „Кромберг & Шуберт Македонија“ ДООЕЛ Битола, со текст на Договор и ја усвои со следниов заклучок:

- Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Кромберг & Шуберт Македонија“ ДООЕЛ Битола.

**Точка 62**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата со текст на Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, по скратена постапка и заклучи Министерството за економија за наредната седница на Владата да го достави текстот на Предлог-законот.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за меѓусебна правна помош во кривичната материја, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда а за повереници Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за надворешни работи и Татјана Васиќ-Бозаџиева, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 64**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи, како основа за водење на преговорите.
2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата доколку усогласувањето се врши по пат на преговори и се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот во однос на Спогодбата да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за внатрешни работи.

**Точка 65**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Федерацијата на Свети Кристофер и Невис за заемно укинување на визи за носители на биометриски пасоши, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Нацрт-спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Федерацијата на Свети Кристофер и Невис за заемно укинување на визи за носители на биометриски пасоши, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт- текстот на Спогодбата до Владата на Федерацијата на Свети Кристофер и Невис.
3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата.

4. Се овластува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Спогодбата, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Конвенцијата за спогодбите за избор на суд (Хаг, 30 јуни 2005 година), со текст на Конвенција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата за спогодбите за избор на суд (Хаг, 30 јуни 2005 година).

2. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата за спогодбите за избор на суд (усвоена во Хаг на 30 јуни 2005 година).

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на усогласениот текст на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на

автоматската обработка на личните податоци (CETS бр.223), усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа на 18 мај 2018 година, а отворен за потпишување на 10 октомври 2018 година за државите договорни страни на Конвенцијата за заштита на лицата во врска со автоматската обработка на личните податоци (ETS бр.108), со текст на Протоколот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (CETS бр.223).

2. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци (CETS бр.223).

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија, со Предлог-уредба за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за економија и други министерства доколку ценат за потребно, да достават мислење по Информацијата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв (најнов текст) и условно го утврди доколку предлагачот обезбеди позитивно мислење од Инспекциски совет.

Текстот на Предлог-законот за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 70**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување (нов текст) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да обезбеди мислење од Инспекциски совет.

2. Текстот на Предлог-законот доколку е позитивно мислењето на Инспекциски совет, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 71**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести (нов текст) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да обезбеди мислења од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Инспекциски совет.

2. Текстот на Предлог-законот доколку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Инспекциски совет се произнесат позитивно, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 72

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите (најнов текст) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да обезбеди мислење од Инспекциски совет.

2. Текстот на Предлог-законот доколку е позитивно мислењето на Инспекциски совет, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 73

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина (нов текст) и условно го утврди доколку предлагачот обезбеди позитивно мислење од Инспекциски совет.

Текстот на Предлог-законот за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП Проект), со Предлог-одлука и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за формирање на Совет за следење на имплементацијата на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, во предложениот текст.

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од 10 дена од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за следење на имплементацијата на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, да свика седница на Советот.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги координира активностите за воспоставување на единствен регистар за социјално осигурување во рамките на соодветен организационен ентитет-управа, под надлежност на Министерството за труд и социјална политика, кое ќе биде уредено со посебен закон.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и надлежните институции предвидените активности на проектот да ги имплементираат во рамки на средствата обезбедени во сопствениот буџет.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институт за духовно и културно наследство на Албанците, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), се основа новото Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и законски утврдените надлежности на истото Министерство.

Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор по скратена постапка, поднесен од група пратеници, се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државна управа.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на предметниот Предлог-закон.

## Точка 78

Владата го разгледа Предлог-законот за престанување на важење на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Законот за трговија на зелените пазари, донесен на предлог на група пратеници („Службен весник на Република Македонија" бр.11 од 18.1.2018 година), не ги даде очекуваните резултати.

Министерството за економија како орган надлежен за уредување на оваа област и носител на регулатива, активно следејќи ја состојбата во периодот од донесување на овој закон до денес, по што врз основа на направените анализи оцени дека е потребно престанување со важност и примена на овој закон со оглед на тоа што истиот не даде позитивни законски решенија во периодот на неговото донесување и применување.

Во однос на одредбите и примената на овој закон имаше многу незадоволство и негативни реакции од самите чинители-учесници во трговијата на зелените пазари.

Од овие причини, овој закон треба да престане со важност, поради што Министерството за економија веќе изготви Предлог-закон за престанување на важноста на Законот за трговија на зелените пазари, по скратена постапка, кој е доставен за разгледување и утврдување во владина постапка.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-законот за престанување на важење на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, доставен од Министерството за економија, да се разгледа во редовна владина постапка

## Точка 79

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за младинско учество и младински политики, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, откако истиот претходно ќе биде разгледан на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Агенцијата за млади и спорт и Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави мислење по истиот.

## Точка 80

Владата не расправаше по Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, со Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година.

## Точка 81

Владата го разгледа Предлог-финансискиот план за 2020 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 35 став 4 од Законот за енергетика е утврдено дека Регулаторна комисија за енергетика секоја година најдоцна до 31 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување предлог- финансиски план на

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за следната календарска година. Согласно став (5) од овој член Собранието на Република Македонија го усвојува предлог-финансискииот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приоход на носители на лиценци. Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот предлог финансиски план. Процентот на зафаќање на вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

Со финансискиот план за 2020 година приходите на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се планирани во вкупен износ од 85.960.462 денари и истите во однос на одобрените приходи за 2019 година се зголемени за околу 3,51%. Во структурата на приходите доминантни се приходите од надоместок од носители на лиценци кои вршат енергетска дејност и од давателите на водни услуги 71.521.100 денари, што претставува намалување за 0,97% во однос на одобрениот приход со Финансискиот план за 2019 година.

Расходите на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година планирани се во рамки на планираните приходи. Зголемените расходи за 2020 година првенствено се поврзани со планирани средства за нови вработувања како резултат на зголемени надлежности и обем на активности согласно Законот за енергетика и Законот за утврдување на цените на водните услуги, зголемени трошоци за инвестиционо одржување на средствата заради надградба и превентивно одржување на новиот софтверски систем за водење на лиценци, зголемени трошоци за наемнини и др.

Со цел покривање на планираните расходи за 2020 година, предложено е:

- наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва кои што можат да вршат дејност во Република Северна Македонија да изнесува 0,0460% и

- наплата на посебен годишен надоместок утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање на водните услуги да изнесува 0,0460%.

Овој процент на зафаќање е за 1,71% помал во однос на одобрениот процент за зафаќање од 0,0468% за 2019 година, од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Расходите по однос на авторски хонорари, договор на дело, консултантски услуги и набавка на моторни возила треба да се ревидираат на пониско ниво, имајќи го предвид нивното значително зголемување во 2020 година, споредбено со планираните расходи за 2019 година, односно расходите кои се планира да се реализираат до крајот на 2019 година.

**Точка 82**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 101 став (7) а во врска со член 190 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), поднесено од пратеникот Реџаил Исмаили, поради потребата Министерството за финансии да подготви мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со забраната за прием на невакцинирани деца во училиштата и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за правда, во кои е образложена мерката за забрана за запишување и прием на невакцинирани деца во основните училишта во Република Северна Македонија, заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018).

**Точка 84**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 111601 за КО Центар 1 на КП бр. 10916/1 и КП бр. 10916/3 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М. Т. Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И. Р. Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И. Р. Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2 и Ургенцијата од Нотар Зафир Хаџи-Зафиров и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Илјхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 9624 за КО Сарај на КП бр. 12046 викано место/улица Сарај и Имотен лист бр. 108 за КО Сарај на КП бр. 12046 дел 0 викано место/улица Сарај и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 86**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96617 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1, КП бр. 8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр. 8282 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1 викано место/улица 171, за наредната седница на Влада, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

**Точка 87**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 57 за КО Усје на КП бр. 712 викано место Село, за наредната седница на Влада, откако претходно ќе се разгледа на

седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

## Точка 88

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Благојче Кипровски од Скопје во врска со Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достават мислење по истото.

## Точка 89

Владата по Известувањето од извршител Снежана Андреевска под И. бр.1165/15 за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од Законот за извршување) за КО Сингелиќ 2 ги усвои негативните Мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 90

1. Владата за претседател, секретар и членови на Комисијата за оценка и предлог-кандидати за избор на два нови члена на Комитетот за одобрување на инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој, ги именува:

а) за претседател
- Еида Реџа од Канцеларијата за претседателот на Владата на Република Северна Македонија

б) за секретар
- Филип Илиев од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори

в) за членови:
- Марина Арсовска од Министерство за економија
-Александра Чавдаревска од Стопанската комора на информатички и комуникациски технологии-МАСИТ и
- Љупка Димоска од Сојузот на стопански комори.

2. Владата го разреши Трајче Калевски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

2.1. Владата ја именува Љубица Стојческа за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

3. Владата го разреши Јордан Крцковски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

3.1. Владата го именува Васил Зимбаков за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

## Точка 91

**1.** По повод силниот земјотрес кој на 26 ноември 2019 година ја погоди Република Албанија во делот на приморскиот град Драч, Владата со цел давање на соодветна помош на соседната држава ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во износ од 6.000.000,00 денари, наменети за доделување на помош за настраданите од земјотресот кој ја зафати Република Албанија, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2) Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, во координација со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, а согласно потребата и состојбата на погоденото подрачје да подготви и до Владата да достави соодветна/и одлука за испраќање на републички сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Албанија и/или одлука за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Албанија, која/кои да се смета/сметаат за донесена/и на оваа седница на Владата.

3) Се препорачува на Црвениот крст на Република Северна Македонија во своите законски овластувања и можности, во соработка со надлежните институции да се вклучи во акцијата за пружање помош на настраданите во Република Албанија, со испраќање на тимови за помош на настраданите и друг вид на хуманитарна помош соодветен во вакви ситуации.

**2.** Владата во врска со настанот по повод јубилеј 30 години постоење на група навивачи „Шверцери", во Македонски народен театар, го задолжи заменикот на министерот за култура, Владимир Лазовски, во соработка со државниот секретар во Министерството за култура, Валмир Азири и директорот на Македонски народен театар, Симона Угриновска, да подготви и најдоцна до крајот на утрешниот ден (27 ноември 2019 година) до претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави детален, независен извештај во врска со настанот, во кој да се утврди дали е настаната материјална штета, дали организаторот на настанот има склучено договор за користење на просторот со Македонски народен театар и во која форма, дали доколку имало организатор на настанот истиот се обратил до Министерството за внатрешни работи со цел да се обезбедува настанот и слично, со цел претседателот на Владата соодветно да ја информира јавноста.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за вкупно пријавени штети согласно елаборатите доставени од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди формирана од Владата на Република Северна Македонија согласно Законот за заштита и спасување во 2015, 2016, 2017 и 2018 година, а за кои нема донесено никаква одлука за надомест, како материјал за информирање.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 18 ноември 2019 година до 24 ноември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, заклучи, претседател на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија, наместо досегашниот, Виктор Димовски да биде Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

Согласно ова, се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**6.** Владата го определи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, да ги координира активностите околу обезбедување на финансиски средства од Норвешката влада за поддршка на проектот и координација на спроведување на потребните активности и неопходни услови за отворање на граничниот премин за локален сообраќај „Лојане-Миратовац".

**7.** Во врска со царинската стапка за увоз на пречистувачи на воздух, Владата смета дека е потребно да се донесе автономна мерка и заклучи Министерството за финансии-Царинска управа да започне постапка за донесување на автономна мерка, согласно законската регулатива, како и да ги разгледа финансиските импликации во врска со истата и до Владата да достави соодветно предлог-решение.

**8.** Владата ја разгледа и усвои Информацијата за промена на состав на Делегација на Република Северна Македонија, доставена по повод Извадокот од Нацрт-записникот од Сто триесет и деветтата седница на Владата, одржана на 11 јуни 2019 година, а во врска со Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за правна помош во граѓанските предмети, со Нацрт-текст на Договор.

**Точка 92**

Владата го разгледа Извештајот за текот на стечајната постапка врз ТИПО АД во стечај Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишан Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на премер на катастарските парцели во старото градско јадро на градот Охрид и неговата контактна зона, со цел усогласување на подлогите со реалната ситуација на терен и отворање на можност за изработка на детални урбанистички планови за 19-те споменички целини со краен рок за постапување до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции и го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 25 и член 29 од текстот на Предлог-законот, како услови за именување на директор и заменик директор на Агенцијата, покрај тоа да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правото, економијата, земјоделството, медицината или фармацијата со завршено последипломски студии и/или завршена специјализација да се додаде и можноста од областа на стоматологијата.

2. Во текстот на Предлог-законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции во делот на член 46 став (3) и во делот на член 48 став (2) алинеја 7 да се преиспита решението дали е подобро да остане предлогот уплатата на средствата во висина од 20% од вкупниот износ од нето добивката од продажбата на производи на соодветна сметка, кои се приход на Буџетот на Република Северна Македонија или подобро решение би било од бруто приходот на правното лице.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Арменд Арслани, заменик на министерот за здравство, а за повереници Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Михајло Костовски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 96**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 97**

Владата го разгледа Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, по скратена постапка, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 98

Владата го разгледа Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, по скратена постапка, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 99

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 100

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за меница, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 101

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар

во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 102**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за централен регистар, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 103**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за чек, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 104**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 105**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за финансиските друштва, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 106**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за задолжница, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 107

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

### Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на финансирање на изградбата на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии, да го запре постојниот процес на преговори со конзорциумот на банки Erste Group, Raiffeisen Bank и UniCredit за заем обезбеден со гаранција од ЕСА, и да отпочне нова постапка со испраќање на барање за изразување на интерес за финансирање на проектот со заем од 500 милиони евра, кое ќе ја содржи и физибилити студијата, до меѓународни финансиски институции и/или билатерални кредитори и странски комерцијални банки.

### Точка 109

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста, со заклучок предлагачот до потпишување номотехнички да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

### Точка 110

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на листата на стоки во одбраната и безбедноста за кои се применува Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста, со заклучок предлагачот до потпишување номотехнички да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

### Точка 111

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Доизградба на канализациона мрежа во населено место Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров .

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на XXI-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД-Скопје, закажана за 2.12.2019 година, со почеток во 10:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Валентина Старделова, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ГА-МА АД-Скопје, да присуствува на XXI-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД-Скопје, закажана за 2.12.2019 година, со почеток во 10:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ГА-МА АД-Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на XXI-та седница на Собранието на акционери на ГА-МА АД-Скопје, закажана за 2.12.2019 година, со почеток во 10:00 часот.

3. По однос на делот насловен како Процедурален дел (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА" и тоа по однос на точките:

1. Избор на претседавач на Собранието,
2. Верификација на списокот на присутни акционери, односно полномошници на акционери,
3. Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на друштвото и
4. Избор на бројач/и на гласови.

4. По однос на делот насловен како Работен дел, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

- За точка 1 да гласа „ЗА", по однос на Предлог-одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

**Точка 113**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Нацрт-текстот на договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за меѓународен развој на САД и Владата на Република Северна Македонија за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија, со текст на Договор, поради потребата истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на износот на заемот за Проектот за модернизација на земјоделството кој ќе се финансира од Светска банка согласно Рамковната соработка помеѓу Република Северна Македонија и

групацијата на Светска банка за периодот 2019-2023 година, со текст на анекси и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја известат Светска банка дека Владата на Република Северна Македонија го одобри зголемениот износ на заем за Проектот за модернизација на земјоделството.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од еден месец по изготвувањето на физибилити студија, која ќе содржи бизнис план, каде што ќе биде предложен конкретниот модел за менаџмент на центрите да ја информира Владата за моделот на менаџирање.

**Точка 115**

Владата по Предлог-одлуката за одработување на работен ден и Предлог-решението за определување на членови на Штаб за спроведување на акција за чистење на животна средина, како и Заклучокот од 112-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.12.2018 година, точка 66, Прашања и предлози, со кој Владата го определи 2 јануари 2019 година (среда) да биде неработен ден за вработените во државните институции, а за кој дополнително ќе се одреди кога овој ден ќе биде одработен, заклучи:
1. Се определува 14 декември 2019 година (сабота) да биде работен ден за вработените во државните институции на Република Северна Македонија.

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа (на кои 2 јануари 2019 година бил неработен ден, согласно Заклучокот од 112-та седница на Владата), да го спроведат овој заклучок.

3. На 14 декември 2019 година (сабота) со почеток од 9 до 12 часот, од страна на вработените во јавниот сектор ќе се спроведе Акција за чистење на животната средина со цел подигање на свеста за почиста околина како фундаментално загарантирано граѓанско право.

- По овој повод, Владата формира-Штаб за спроведување на акција за чистење на животната средина, во состав:

- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација-претседател на Штабот;
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање-член;
- Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје-член;
- Аднан Џафероски, директор на Дирекција за заштита и спасување-член;
- Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи-член;
- Беким Мемеди, директор на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.-член и
- претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за односи со јавноста-член.

- Штабот ќе ја координира Акцијата за чистење на животната средина врз основа на распоред и локација предложени од раководните лица на институциите.

- За распоредот и локациите за спроведување на акцијата, вработените дополнително ќе бидат известени од страна на раководните лица на институциите.

4. Овој заклучок не се однесува на вработените во здравствените и образовните установи.

5. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Службата за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија на соодветен начин да ја информираат јавноста за овој заклучок.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на тимови во министерствата за изработка на унифицирани веб страни, ја усвои Информацијата и ги задолжи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и сите министерства во рок од седум дена од денот на усвојувањето на оваа информација да ги достават номинациите (едно лице од кабинетите на министрите задолжени за односи со јавност, едно ИТ лице и лицето кое е задолжено да одговара на прашањата од слободен пристап до информации од јавен карактер) за тимови во рамките на секоја институција кои ќе бидат одговорни за спроведување на предвидените активност до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 117**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Хашката Конвенција од 23 ноември 2007 година за меѓународно остварување на правата за издржување на детето и други облици на издржување на семејството и Хашкиот Протокол од 23 ноември 2007 година за меродавното право кое ќе се применува на обврските за издршка, со Конвенција и Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Хашката Конвенција од 23 ноември 2007 година за меѓународно остварување на правата за издржување на детето и други облици на издржување на семејството.

2. Го прифати текстот на Хашкиот Протокол од 23 ноември 2007 година за меродавното право кое ќе се применува на обврските за издршка.

3. Се определува д-р Рената Дескоска, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише Хашката Конвенција од 23 ноември 2007 година за меѓународно остварување на правата за издржување на детето и други облици на издржување на семејството (Convention of 23 November 2007 on the International Recovery of Child Support and Other Forms of Family Maintenance) и Хашкиот Протокол од 23 ноември 2007 година за меродавното право кое ќе се применува на обврските за издршка (Protocol of 23 November 2007 on the Law Applicable to Maintenance Obligations).

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за давање овластување на директорите на седум јавни научни установи за потпишување на колективни договори на ниво на јавни научни установи за покачување на платите на вработените во јавните научни установи во Република Северна Македонија за 25% и исплата на минат труд почнувајќи со исплата на платата од октомври 2019 година, ја усвои Информацијата и даде овластување на директорите на седум јавни научни установи за потпишување на колективни договори на ниво на јавни научни установи за покачување на платите на вработените во јавните научни установи во Република Северна Македонија за 25% и исплата на минат труд со исплата на платата од октомври 2019 година.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата со текст на предлог-закони за дополнување на законите во врска со примената на новиот Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготват соодветни изменувања на Законот за градење, Законот за градежно земјиште, Законот за земјоделско земјиште, Законот за концесии и јавно-приватно партнерство, Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Законот за експропријација, Законот за енергетика, Законот за странци, Законот за работните односи, Законот за води, Законот за животна средина и други закони и до Владата да ги достават во рок од 15 дена.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива (нафта и нафтени деривати) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за метрологија и Државниот пазарен инспекторат да го склучат Договорот за уредување на меѓусебните односи за начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива.

2. Се задолжува Бирото за метрологија веднаш да пристапи кон отпочнување на постапка за проширување на акредитацијата и набавка на соодветна опрема заради земање на мостри за испитување на квалитетот на течни горива.

3. Се задолжува Бирото за метрологија да отпочне постапка за доопремување на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива во делот на нивно испитување во однос на штетните емисии кои произлегуваат од нивното согорување.

**Точка 121**

Владата го разгледа Предлог-законот за данок на моторни возила, по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за финансии Предлог-законот за данок на моторни возила, по скратена постапка да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Ослободувањата од данок или враќање на платен данок на моторни возила за конзуларните претставништва водени од почесните конзули да изнесува 50% од платениот данок на моторни возила, за возилата кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за данок на моторни возила, по скратена постапка да се достави до Собранието согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Доколку до потпишување Министерството за финансии не го усогласи текстот на Предлог-законот за данок на моторни возила, по скратена постапка со Секретаријатот за законодавство, истиот да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 122**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од продолжување со постапката за конкурентен дијалог и за потребата од објавување на покана за учество во втора фаза на дијалог за јавна набавка на работи-изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство да се усогласи со Министерството за финансии-Биро за јавни набавки.

**Точка 123**

Владата повторно го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во член 2, во ставот 2 кој се менува, пред зборовите „еднаш годишно“ да се избрише зборот „најмалку“.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска-Петревска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**